РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О. ВИНИЦА

| Примено: 03 06 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 583 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 678
28.05.2026 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19" и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25"), член 18 став 5 и член 37 од Законот за гробишта и погребални услуги („Сл.весник на РМ број 86/2008, 156/2010, 53/2011, 163/2013, 152/2015, 31/2016" и „Сл.весник на РСМ број 88/2020, 255/2024 и 101/2025") и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022"), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За давање Согласност на Одлука за утврдување на ценовник за користење на градска капела

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за користење на градска капела, број 02-543/10 од 20.05.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност" - Виница, со која се утврдуваат надоместоците за користење на градската капела и придружните услуги и тоа:

- Користење на ладилник (до 24 часа) .......... 2.000 денари
- Секој нареден започнат ден ........................ 500 денари
- Изложување на починат за верски обреди...... 500 денари
- Простор за подготовка на покојник ................. 500 денари

Наплатата се врши однапред или при користење.

Член 2

Корисникот е должен да ја користи капелата со внимание и ја надоместува штетата.

Член 3

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање Согласност на Одлука за утврдување висината на надоместок за користење на градска капела во Виница, број 07-585 од 27.08.2014 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг Гоце Василев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
ОПШТИНА ВИНИЦА